СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-4946/15
12.08.2022 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 15-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес 12.08.2022 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 15-та седница на Советот на Општина Кавадарци.
На седницата присуствуваат 18 советници. Еден советник седницата ќе ја следи онлајн и ќе бидат поврзани преку телекомуникациска врска преку ZOOM апликацијата.
Се прозиваат советниците кои се уклучени преку апликацијата ZOOM да се произнесат дали се присутни. Круме. Во ред.
Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;
2. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;
3. Предлог – Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци во Проектот „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општините Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци, преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно Европските Стандарди;
4. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци во Проектот „Изградба на водоводна и канализациона мрежа и реконструкција на каптажите во Моклиште;
5. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024, изработена од Друштво за производство, трговија и услуги ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖИНЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци;

6. Предлог-Одлука за урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.185 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет Парк 2001-2006, Општина Кавадарци;
7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
8. Предлог-Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2022/2023 година на подрачјето на Општина Кавадарци;
9. Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.
10. Предлог-Одлука за примање донација – Геодетски елаборат од Друштво за геодетски работи и инжинеринг,, ГЕОДАТА Инженеринг,, ДООЕЛ Кавадарци;
11. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.23/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред.

Кој е за. Едногласно. Круме. За. Во ред.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 12.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Предлог-Одлука за поништување на Одлуката со арх. бр.08-2127/38 од 31.03.2022 година за одобрување на набавка на основни средства

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред.

Кој е за. Круме. За. Во ред.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 13.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Предлог -Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред.

Кој е за. Круме.За.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 14

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.Нема.

Преминуваме кон разгледување на првата точка од денешниот Дневен ред.

Почитувани советници пред да поминеме кон реализација на денешниот дневен ред сакам да дадам збор на Претседателот на Здружението Тренд Лајв Вижн од Неготиноза еден хуманитарен инвент, еден жител наш од соседно Неготино. Ве молам претставникот на Лајв Вижн да ја објасни самата хуманитарна акција и за што е замислено самиот инвент. Повели.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ТРЕНД ЛАЈВ ВИЖН: Почитуван Претседетеле јас ви благодарам што на иницијатива ваша беше да излезам овдека и да кажеме за што се работи. Почитувани советници ви благодарам за можноста. Сакаме да ве информираме дека се работи за младиот живот 18 годишен Јане Иванов од Неготино, спортист, велосипедист, планинар кој што се повреди во Грција и се потребни големи средства за да го вратиме дома. Поминати се две операции, меѓутоа треба уште над 100 000 евра се потребни. Во Неготино на 18 август ќе се одржи голем хуманитарен концерт во Спортско-рекреативниот центар Младост. Картите се веќе пуштени во продажба, па доколку можете и ако можете да се помогне на ова дете да едноставно и како соседно Кавадарци дадеме придонес за да се врати дома онака како што треба. Чисто сакавме да ве информираме за да бидете во тек, можеби ете ќе изразите желба да помогнете. Ви благодарам. Картите можете да ги купите од Здружението, лично од мене, од активистите кои се пуштени да продаваат карти по цена од 200 денари се, а може и да ви оставиме тука во Општината. Ви благодарам за можноста. Да и апел до сите сограѓани да го посетат концертот бидејќи ќе бидат присутни на самиот концерт и ќе дадат придонес многу

познати групи од Тиквешијата меѓу кои доаѓа и Спасен Силјановски како специјален гостин да даде свој придонес. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници одиме кон реализацијата на денешниот дневен ред.

1. Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Које за.Круме. За. Констатирам дека е усвоена првата точка Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

2. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.Које за. Круме.За. Во ред. Едногласно усвоена.

3. Предлог – Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци во Проектот „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општините Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци, преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно Европските Стандарди;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата точка ја ставам на гласање.Кој е за. Круме. За. Едногласно усвоена.

4. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци во Проектот „Изградба на водоводна и канализациона мрежа и реконструкција на каптажите во Моклиште;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата точка ја ставам на гласање. Кој е за.Круме. За.

5. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „Едвард Кардељ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци, плански период 2019-2024, изработена од Друштво за производство, трговија и услуги ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖИНЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци;

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Круме. За. Едногласно усвоена.

6. Предлог-Одлука за урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 6.16, ГП 6.17, ГП 6.185 и ГП 6.19 од ДУП за локалитет Парк 2001-2006, Општина Кавадарци;

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

   Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Круме. За. Во ред.

8. Предлог-Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2022/2023 година на подрачјето на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели. Вуко Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани граѓани на Општина Кавадарци, почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник, медиуми. Сметам дека добро е тоа што им помагаме на оние семејства кои што запишуваат во оваа година 2022/2023 година на подрачје на Општина Кавадарци прваче, меѓутоа сметам дека имајќи ги во предвид класните разлики кои што постојат во македонското општество јас би сакал да предложам да оние семејства кои што имаат прваче кои што имаат понизок доход односно доход понизок, вкупен месечен доход понизок од една просечна плата да оваа помош изнесува 6 000 денари за упишано прваче, а за сите останати да изнесува 2000 денари. Сметам дека ние како Општина треба да им помогниме на оние кои што помошта во суштина им е најпотребна и сметам дека ова е исправниот начин и ова е фер начин на кој што ние како Општина треба да ги распределуваме и да ги враќаме средствата кон граѓаните. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧЕ РАМОВ: Општина Кавадарци за новороденчињата сумата за доделени средства е унифицирана, значи таа е една и без разлика на класна состојба на семејството дали потекнува од фамилија со една или со две минимални плати на нашата држава сметам дека вашиот предлог според мене како Претседател на Совет и како советник ист меѓу еднаквите е неиздржано заради тоа што мислам дека средствата што се издвојуваат и за новороденче и за запишано првооделенче треба да бидат еднакви за сите. Тоа е мое гледиште. Вашиот предлог јас ќе го ставам на гласање . Нема никаков проблем. Така да тоа е тоа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас не се согласувам со вашиот став да сите треба да земат исто. Сметам дека ние како Општина треба да им помогниме. Ако више сакаме да им помогниме на првачињата треба да им помогниме на оние семејства коишто се позагрозени,

односно кои што имаат понизок доход. Јас би сакал да се ставе мојот предлог на гласање. Значи 6000 денари за лица кои што имаат вкупен месечен приход понизок од една нето просечна плата, а за сите останати да оди сумата 2000 денари. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Почитувани граѓани, почитуван Претседател на совет, колеги советници, останати присутни. Ја поздравувам нели оваа предлог одлука за доделување на еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2022/2023 година на подрачјето на Општина Кавадарци, каде што за секое запишано дете во прво одделение се оделуваат 2000 денари од Буџетот на Општина Кавадарци. За поздравување е уште еднаш ќе кажам оваа одлука. Колегата советник даде негов предлог, но за да бидеме нели според Деловникот за работа на Советот мора да има поднесено Амандман за измена на оваа предлог- одлука и тогаш да се стави на гласање, но ние до сега нели немавме добиено Амандман од ваша страна, писмено доставено и затоа мислам дека оваа точка да оди вака, а во иднина да размислиме нели за идни решенија и за подобрување на овие одлуки кои што ги носиме се со цел за помагање на нашите граѓани во Општина Кавадарци. Благодарам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги јас како размислувам за оваа сума на пари. Имам буквална подршка за 6000 денара, али јас имам од сите 6000 денара му даваш помош, документи што треба да ги прибере еден ден да ги носи може да коштаат повеќе од 2000 денари и како некое лицемерие дека даваме пари, а всушност малку се тие пари.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советниче во однос на овие документи што се приложуваат, тие не коштаат пари. Сите се без пари, а и самата иницијатива е врз основа на поднесени барања. Да видиме колку ќе поднесат.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Треба да оди во градинка да вади документи или во школо, еднаш оде , па уште еднаш, трипати . Знаеш дека кај нас еден документ да вадиш ти треба 5 дена, да ги носиш, да ги враќаш од дома до таму и дента , го губиш денот. Значи мала сума е 2000 денари. 6000 денари би била едноставна цена или барем оние што се позагрозени да имаат 6000, овие другите за 2000 нема ни да поднесат. За 2000 нема.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани колеги советници, почитуван Претседател на Совет. Јас истражував и видов дека и другите општини исто доделуваат ваков надоместок за првачаиња и тоа што и претходните

години имало. Мислам дека за Кавадарци е првпат. Така. За Кавадарци е првпат. Значи во претходните години во другите општини се доделувал ваков надоместок. Во другите општини се издвојувааат и поголеми средства. Сега предлогот е 2000 денари. Дали се очекува голем број на апликанти да има за овој надоместок. Толку ли средстава има ли Општината што сме се одлучиле 2000, затоа што во другите општини е надоместокот поголем 3500, 4000, 3000, 2000 денари не сретнав во друга Општина и заради тоа штом веќе се ограничуваме на 2000 денари за сите, нашиот предлог е добар, значи наместо да го зголемиме надоместокот за сите, да му дадиме предност на луѓето, на фамилиите што имаат помал месечен приход и затоа сметам дека нашиот предлог е издржан и треба да се размисли на тоа поле.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред предлогот треба да се доставе прво Амандман за самиот предлог на предлог одлуката, бидејќи не е доставен Амандман за предлог-одлуката. Вашето гледиште значи не може да го ставиме на самото гласање. Нема Амандман изготвен деловнички. Така да штом е без Амандман, не знам како би го ставиле на гласање. Ама во ред значи точката беше ставена на дневниот ред.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Колеги значи сега се отвара дискусија и дебата за некое прашање кое што треба сите да го поздравиме, заради тоа што за првпат во нашата општина се воведува, по иницијатива на Претседателот на Совет и затоа мислам дека треба да се поздрави оваа одлука, а во иднина преку правење на финансиски извештај, нели од страна на службите за во иднина, за во наредна година кога ќе се носи буџетот нели за Општина Кавадарци да видиме колку може плус да се додадат средства и на кои категории би се доделувале повеќе, на кои помалку. Затоа мислам дека поради тоа што немаат и доставено Амандман, писмено до нас нели како советници, да ја изгласаме одлуката, а во иднина за подобрување на зголемување на средствата ќе донесиме ако треба дополнителна одлука.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи ние тука претходно сме донесувале одлуки без да има писмено поднесено. Со заклучоци така. Така да јас не мислам дека тоа е некоја пречка. Ако мислите дека е некоја пречка дај ќе викниме пауза, ќе накуцаме еден Амандман и ќе го доставиме. Проблем ли е тоа. Али предлогот мора да го ставите на гласање. Дали како Заклучок да оде, али мора да се ставе на гласање.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Значи колега минатата седница од страна на Претседателот на Советот на Совет оваа предлог-

одлука беше предложена од самиот него. Значи имавте време, да речиме од месец дена да донесите некоја своја одлука и предлози околу ова што го носиме сега. Како редовна точка и да го гласаме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи самиот предлог произлезе од мене на претходната седница. Се слагам тука апсолутно со советникот Нешковски. Во корелација со Градоначалникот и со општинските служби, пред се со секторот за финансии и секторот за образование беа отприлика утврдени бројките за првачиња кои имаат доставено апликација до регионалните основни општински училишта на територијата на Општина Кавадарци и е установено дека цифрата е некаде на запишани првоодленици во учебната 2022/2023 година на територијата на Општина Кавадарци е 365 првачиња. Во соодејство заедно со Градоначалникот и секторот финансии е утврдено дека сумата што е предложена да биде за првачиња да биде околу 2000 денари. Факт е дека можеби и поголема сума да се доставе, меѓутоа сега во моментот тоа е фактичка состојба. Апсолутно се слагам со советникот Нешковски дека имаше доволно време да се интервенира со амандмани и можеме да правиме одредени измени во смисол на ваши предлози и гледишта.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јасја поздравувам инцијативата, ќе гласам за иницијативата. Се слагам и со предлогот на колегата Мелов, меѓутоа дај да одиме со вашиот предлог колега со Заклучок и за наредната седница, оти сега е веќе касно нека му се дадат 2000 денара на сите и после да видиме колку средства имаме и за наредниот Совет што е закажан за на 25-ти да ги утврдиме и критериумите самохрани родители, повеќечлено семејство кој што има, да кажиме и на граѓаните да им биде јасно кој што ќе си аплицира да си добие плус уште по 3000 или 4000, а овие 2000 денара да бидат фиксни за сите, оти не е добро ние ако немаме средства да им дадиме само на оние загрозените, а на некои да не му даваме . Јас сум за на сите да му се даде. Тие се деца и треба да се израдуват сите, родителот кога ќе му каже со овие пари што се дадени од Општината ви е купен таков и таков прибор или опрема за на училиште. Јас сум со Заклучок да се оде и за наредниот Совет да се определе дополнителна сума на средства у соработка со Секторот финансии и да дадиме можност да си аплицират и да се договориме колку ќе биде, дали плус уште по 3000 или по 4000 денара за секое загрозено семејство. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани колеги советници, сограѓани, медиуми, Претседател на Совет и останати. Јас сметам

дека оваа одлука е за поздравување, Предлог – одлука бидејќи до сега првпат во Кавадарци , на територијата на Општина Кавадарци овој Совет, овој Градоначалник, сите служби заедно доставуваат ваква одлука и во оваа баш најтешка кризна година, економска каде што граѓаните ќе имаат свои проблеми, пак ќе биде минимална помош за своите првачиња и сметам дека оваа предлог-одлука треба сите да ја поздравиме. Да за сумата може да се разговара, но не е работата оваа прва мерка во историјата од кога Општина Кавадарци постои. Првпат се доставува ваква мерка и да кажуваме поголеми суми или помали. И јас може сакам да биде 20 000 денари, не 2000 денари, но сега е првпат за поздравување и добро е што се почнува со одредена сума на пари. Претходно и на претходниот Совет и на пред, предходниот предходните градоначалници на никој му нема текнато ова. Знам одредени општини што немат ваква, еве колешката кажа дека одредени општини имале одредена нели ваква одлука, но за Општина Кавадарци е прва одлука и мислам дека сите треба да ја поздравиме и без да ја омаловажиме со одредени суми поголеми, да ја подржиме и сметам дека на сите родители и првачиња би му било одреден мал стимул во понатамошното нели стимулирање, уовршување, учење и олеснување на нивните родители во трошоците. Благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи колега никој не споре дека е добро. Ако нешто предложиш, не значи дека се омаловажува одредена работа. Јас само сметам дека тој што има месечен приход од 10 000 евра и тој што има месечен приход од 20 000 денара не се исти и не треба да земат иста помош и затоа го предлагам да има одреден социјален момент кој што ќе биде вметнат во оваа одлука. Не ни дискутираме за тоа. Јас сметам за тоа дека не треба да земат исто и затоа предлагам социјален момент, кај што врз база на социјален статус, врз база на приходи, кои што ги остварува одредено семејство да има одредена разлика. Јас мислам дека така е фер да се направе и сакам Претседателе да го ставиш предлогот на гласање. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници по одржаната кратка координација го замолувам координаторот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ да даде свое образложение. Повели Николов.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Претседателе, колеги советници, почитувани медиуми и граѓани на Општина Кавадарци. Би сакал да кажам дека ова е за поздравување што Општина Кавадарци за првпат донесува одлука да му се даде помош на првачињата и

сметам дека не е само оваа помош што им се дава на граѓаните на Општина Кавадарци. Тука треба да ги напомениме и бесплатниот превоз кој што ќе биде организиран за сите основни школи. Тука треба да се напомене дека е предвидено да се обезбеди бесплатен оброк за основците, така да сметам дека оваа сума која што сега е утврдена е за првпат да оставиме период времето да каже како ќе биде и што ќе биде, затоа што моментално со економската ситуација која што е на сила во Р. Македонија многу дел од средствата ќе заминат на други места за кои што не беа планирани. Тука можеме да го напомениме зголемувањето на енергијата за греење , тука можеме да спомниме струјата која што треба да ја плаќа Општина Кавадарци, така да треба да се предвидат средства за таа работа и сметам дека оваа одлука да си останат 2000 денари, па покасно доколку има можност, доколку има средства во Општина Кавадарци да се направе зголемување на тие средства и да се појачат средствата за првооделенче. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Само на кратко. Значи дозволено е Амандман да се донесе. Треба писмено да си го поднесиш советниче и треба да дадам пауза каде што писмено ќе го изјасниш, бидејќи Деловникот за работа тоа го дава. Тоа е член 153. Мора да е со Амандман. Значи пауза 5 минути да се изготве писмено Амандманот. Истиот Амандман ќе се доставе и ќе го туриме на гласање. Во ред. (Пауза)

Почитувани советници ја продолжуваме работата на 15-та седница на Советот на Општина Кавадарци, по кратката пауза од страна на советникот и координатор на советничката група на СДСМ и Коалицијата нашиот советник Вуко Мелов беше поднесен Амандман за предложената 8-ма точка на денешниот Дневен ред. Го молам предлагачот на Амандманот дали сака јавно уште еднаш да го произнесе неговиот предлог. Во ред. Дали некој друг бара збор околу предложениот Амандман.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници, медиуми, Градоначалник, служби, гости. Вака. Значи и пред паузата ги слушав сите говорници по однос на оваа точка и сакам да ја поздравам оваа иницијатива, која што е поднесена од страна на Претседателот на Совет и сакам да истакнам дека првпат како Совет на Општина Кавадарци се оделува средства, носиме одлука за оделување на средства од буџетот за првачиња односно негде тоа излева за околу 360 деца, значи нови првачиња. Значи се одвојуваат средства негде за 360 деца по 2000 денара или некаде околу 700-730 000 денара. Јас предлагам значи

по Амандманот кој што е пред мене и го гледам од страна на советничката група поднесена од советничката група на СДСМ, лично сметам дека треба иницијативата да ја гласаме така како што е поднесена од страна на Претседателот на Совет, поради тоа што значи овоа ни е прво вакво искуство, да видиме во иднина колку апликанти ќе има по однос на оваа инцијатива, па здравје боже за наредната учебна година 2023/2024 доколку требе оваа иницијатива да претрпе било какви измени тука сме живи, здрави ќе ги правиме сите финансиски конструкции заедно со службите и ќе носиме измени и ќе правиме се што е потребно за граѓаните на Општина Кавадарци. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани присутни, почитувани колеги советници, почитуван Градоначалник, почитувани медиуми, почитувани жители на Општина Кавадарци предлог идејата за доделување еднократна парична помош на запишаните првоодделеници на учебната 2022/2023 година од моја страна го сметам за еден благороден гест, кој и другите општини во нашата држава го практицираат. Се наоѓаме во едно време кога енормно е нападнат животниот стандард на нашите сограѓани. Живееме во време на двоцифрена инфлација кога нашите граѓани ќе треба да го пречекат септември месец, еден од најскапите месеци во тековната година, кога треба да се спремаме за зима, огрев. Идејата беше една мала финансиска помош, незначителна, меѓутоа мал финансиски придонес кој може да му олесни на фамилиите кои имаат првоодделенец за полесно да ја пребродат самиот септември месец. Јас апсолутно се слагам дека кога зборуваме за цената и пристапот на парите, тоа е индивидуален пристап. Така во однос на самиот Амандман на нашиот советник Вуко Мелов дали се 2000, 6000 денари, ние знаеме дека живееме во време на економска криза кога на жалост денеска парите се многу скапи и инфлацијата го јаде стандардот на Македонецот , меѓутоа за тоа вина и одговорност треба да превземе централната власт бидејќи самото економско менаџирање, самиот начин на функционирање на економијата ја практицира централната власт. Во однос на самиот начин на функционирање за тоа колку лица ќе се пријават, колку лица ќе поднесат барање до архивата на Општина Кавадарци и врз основа на која сума да биде, мојот предлог беше да таа сума биде 2000 денари, заедно во соодејство со Градоначалникот и општинската администрација моментот на средства што може сега да се одвојат како средства, бидејќи идејата беше предложена претходниот Совет на 22 јуни. Јас сметав дека предлагачите на овој Амандман имаа

доволно време од еден месец да го поднесат овој Амандман, меѓутоа ете од нивни тактички, политички причини со ловење на политички поени во матно на денот на одлуката сакаа и поднесоа нивен Амандман. Овој Амандман искрено да ви кажам јас го почитувам, меѓутоа самата идеја и самите начини на одредена цена не можам да ја прифатам пред се од причина пред се пошто сметам дека е ловење во матно. Зошто. Бидејќи ако советничката група на СДСМ по поднесениот Амандман има искрен пристап кон граѓаните на Општина Кавадарци, идејата ќе потегнеше прво од нив. Нивната советничка група во минатаото предложи некои амандмани кои од нашиот Градоначалник и општинската администрација беа прифатени. Почитувани граѓани ВМРО ДПМНЕ и Коалиционата група на ВМРО ДПМНЕ подржана од одредени независни советници, амандмани кои сметаат дека носат добробит на граѓаните на Општина Кавадарци секогаш се прифатени. Да не заборавиме во минатото истиот Амандман пред Нова Година од нашиот колега Вуко Мелов беше прифатен едногласно од цел Совет. Значи одредени амандмани кои кога ќе се дадат кога општо прифатено е за сите, не треба да има политиканство. Јас сметам дека тука со овој Амандман има политичка заднина, да се омаловажи идејата која сметам дека можеби не е идеална, која сметам дека можеби не може да вроди насмевка кај сите жители на Општина Кавадарци, меѓутоа ќе биде мал финансиски потик дека сите жители во Општина Кавадарци, без разлика на нивниот финансиски буџет се згрижени од Општина Кавадарци и од администрацијата, од советниците и од актуелниот Градоначалник. Впрочем Општина Кавадарци во минатато грижливо, чесно се грижеше за нивните жители. Мое гледиште е дека врз основа на тоа колку прводделенчиња ќе ни достават барање до крајниот рок 30.09.Ако достават помал број на апликации апсолутно таа сума од 2000 денари запишано новороденче е варијабилна. Дај боже догодина да запливаме во едни подобри финансиски води, во кои тие средства апсолутно ќе бидат повисоки. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Претседателе кажа многу работи. Голем дел од нив не ни се поврзани со она што претставува точка на дневен ред. Прва работа викаш дека овој Амандман сме го поднесиле од некакви си политикански причини. Затоа е седницата на Совет. За да предлагаме одредени работи, одредени амандмани, еден момент. Втор момент викаш кога било добро одредени амандмани биле прифанати и тоа е точно. Беа прифанати два Амандмани во буџетот на Општина Кавадарци, ка се гласаше и ка се носеше буџетот

минатата година, Веќе тоа исто така беа поднесени на самата седница и тогаш немате проблем да ги прифаните. Зошто мислиш дека тогаш не било политиканство, а сега е политиканство. Тука раправаме. Затоа сме тука да расправаме, не да верификуваме однапред донесени одлуки . Јас мислам дека овој Совет се доведи во ситуација да само верификува одлуки, кои што се носат претходно , само треба ние да ги гласаме. Што е спорно во одлуката. У Амандманот. Тоа што се дава социјален момент . Ако сметате вие како ВМРО ДПМНЕ дека не треба да има социјални моменти, дека треба и оној кој што има 300 000 денари, да има, кој што има месечен приход од 300, 400 000 денари да има и оној кој што има месечен приход од 20 000 денара, 18 000 денара да земат исто, јас не се согласувам со тоа. Јас не се согласувам со тоа. Втора работа спомна во делот на економската криза, јас не знам дали си информиран ти, меѓутоа таа е работа која што е присутна на глобално ниво. Види ги стапките на инфлација и во друзите земји и цена на ел. енергија, секаде погледни. Тоа е како да кажам светски пазар и никој не е среќен од таа работа. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани претходните амандмани беа усвоени за тоа што беше донесено за Предлог Програма за работа на Општина Кавадарци и немаше време кога другпат да се гласат. Е една причина, друго кога кажуваш дека цените и во другите држави се растат, провери ги минималните плати во другите држави . Беше 400 литри гориво. Во овој дел на Амандман кој што е тука ставени како социјална точка, меѓутоа не е опфатено во целост. Збориме само за лица кои што имаат примања помалку од просечната плата во буџетот во семејството, меѓутоа тука се заборавени самохраните родители, тука се заборавени многудетните семејства. Така да сметам дека овој Амандман не е во целост како што треба да биде и ние како советничка група на ВМРО ДПМНЕ сме за да се покачат овие цени, меѓутоа во овој момент ќе гласаме воздржано, се додека не се утврде дали може да се одобрат средства повисоки за да им се одобрат на семејствата . Благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ка ќе правиш пресметка колку гориво било у минималната плата, прави си пресметка на години кои што се репрезентативни, кои што може да се споредуваат една со друга. Направи си споредба 2008,2009 ка имаме светска финансиска криза и види тогаш колку било и спореди со сега. Така се праве економска споредба на репрезентативна година. Ти не можиш да споредуваш нормална година кај што немаш економска криза да споредуваш со година кај што имаш одредена економска криза, која што е на светско

ниво и за плати молимте не зборувајте. Минимална плата во ваше време 9000 денара. Ни 9000 денара не беше. Кај што беа исклучени 3 сектори кои што беа најподложни на таа минимална плата, за тие 3 сектори не важеше, за текстилна индустрија, за кожарска индустрија, не важеше за тие сектори, така да не зборувајте за минимални плати. Од 9000 денара 18 000 денара со вклучени сите сектори, со вклучени најпогодени сектори од таа минимална плата. За кого донесите минимална плата. За вработени во финансиски сектор кај што се знае дека зимат над минимална плата. За тие ли го донесите законот. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Колега Мелов со таа минимална плата можеше да се издрже семејството без проблем, да си плате струја, вода, телефон и да оде на одмор, а сега не може ни телефон да си плате.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Колеги прво темата не е во врска со економската ситуација. Катастрофа ни е економската ситуација во државата и што и да правите и што и да споредувате. Доста веќе споредувате како било во времето на ВМРО. Прашајте ги граѓаните како живеа тогаш, како живеат сега. Не сакам повеќе да дебатирам , а не се вадите само дека оваа економска криза е на светско ниво. Да може има на светско ниво, ама какви мерки и што се превзема од страна на државата прашајте ги граѓаните.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Сакам само да се надополнам на колегите. Значи еве ако за таа економска криза разговараме и водиме дебата значи само еден факт. Значи во економската криза 2012 година кога имаше светска економска криза нафтата беше во Македонија 75 денара, а сега 2022 година за иста светска економска криза правиме муабет нафтата стигна до рекордни 110 денари. Значи тука може слободно да видиме како во тоа време тогашната власт се справувала со кризата на централно ниво, а како сега. Така да има многу фактори, што може да ги споредуваме и да ги гледаме така да мислам дека тоа сега не ни е тема на разговор. Затоа значи да не правиме муабет за економски кризи туку сега точка на дневен ред ни е за иницијативата предложена од страна на Претседателот на Совет. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советници бидејќи е исцрпен претресот по Амандманот на Предлог Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејствата за запишано прваче во учебната 2022/2023 на подрачјето на Општина Кавадарци поднесен од советничката група на СДСМ и Коалицијата го ставам на гласање Амандманот. Значи уште еднаш ќе повторам

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за. 8. Во ред. Круме за или против или воздржан. Воздржан. Против нема. Воздржани се 11. 8 се за. Со тоа не мине. Мнозинство се воздржани. Почитувани точката на Дневен ред ја ставам на гласање. Кој е за. Круме. За. 12 за. Против за точката на Дневен ред. Воздржани нема. Со тоа констатирам дека е усвоена точката на Дневен ред . Тоа е:

Предлог-Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2022/2023 година на подрачјето на Општина Кавадарци

9. Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор , истата ја ставам на гласање. Кој е за. Круме. За. Со тоа е усвоена точката:

Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година

10. Предлог-Одлука за примање донација – Геодетски елаборат од Друштво за геодетски работи и инжинеринг„ ГЕОДАТА Инженеринг„ ДООЕЛ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор , истата ја ставам на гласање. Кој е за. Круме. За.

11.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.23/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Круме . Се извинувам. За .

12.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година .

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Круме. За. Во ред .

13.Предлог-Одлука за поништување на Одлуката со арх. бр.08-2127/38 од 31.03.2022 година за одобрување на набавка на основни средства.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор , истата ја ставам на гласање. Кој е за. Круме. За.

14.Предлог -Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор , истата ја ставам на гласање. Кој е за. Круме. За.

Почитувани советници со тоа е исцрпен Дневенот ред на денешната 15-та Седница на Советот на Општина Кавадарци за денешен ден. Ви благодарам на вниманието.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов